33166

НОВА 13963,
МАКЕДОНИЈА • Петок 6 декември 1985 год. • стр. 9

Изложби

# БАРОМЕТАР НА ВРЕМЕТО

## • КОН ИЗЛОЖБАТА „40 ГОДИНИ ДЛУМ", ВО УМЕТНИЧКАТА ГАЛЕРИЈА ВО СКОПЈЕ

*Годинашнава, четириесетта по ред изложба на ДЛУМ сепак се одржа (по расправата околу преземањето на Уметничкиот павилјон во Скопје), потврдувајќи ги своите досегашни слабости за кои е доста пишувано (отсуство на повеќе уметници, доделување на наградите, каталог кој не е ниту добра информација). Значи, ништо поинаку и нешто кое ќе потсетува на овој значаен јубилеј на ДЛУМ. Веројатно така морало да биде. И додека барањето на причините би не одвело во вонестетските сфери, исклучувајќи го, ако може материјалниот момент, може да се каже дека на оваа изложба доминираат две личности, сликарот Глигор Чемерски и вајарот Анета Светиева, чија вредност не би се намалила, туку би добила нови естетски релации, во еден покомплетен преглед на современата македонска уметност. Првиот автор е застапен со две платна (акрил), од кои во „Пладневно оро" со интензивните колористички созвучја и разбранувананата линија, која обликува полуфигуративни претстави, достигнува гранична изразност до пароксизам. Тој е инаку еден од творците на неоекспресионизмот кај нас, кој има забележливи следбеници меѓу најмладите уметници. Нив на заедничка карактеристика е интензивен колорит и напната робустна форма. Тука би ги издвоиле следните автори: Сергеј Андреевски, со своевидниот суров лиризам, Томе Аџиевски со симболичните и декоративни белези, Игор Митриќески, кој негува сосема непосреден жив ракопис, Ратко Несторовски насликаните актови ги предава во сурови колористички потези, Гроздан Крстевски во „Титан" внесува вознемирена линија и сугестија на движење итн. Во скулптурата им се придружува Владо Павлевски со објектот „Моминска утроба" (комбинирана техника) која изразува морбидно доживување, потоа деформираните ликови на Томе Бунговски итн.*

*Анета Светиева спаѓа во средното духовно поднебје чија изразност се заснова на вознемирената архаична евокација почувствувана и во изложената „Композиција — Во очекување" (теракота, жица, гипс, песок) — расчленета композиција со атрофирани фигури, со бело обоени делови Благој Чушков во четирите фигуративни теракоти достигнува сил на примитивна експресија.*

*Би ги издвоиле делата на Богдан Грабулоски, по фината моделација на мермерот чија белина и сјај го потенцира надреалистичкиот впечаток соз даден со поставеноста на неодредената фигура во однос на преметот, елемент кој се чини пренагласен. Во правец на симболичната фантастичност на изразот, со употреба на класични фигури и димензија на „археолошко" време се движи Иванка Урошевиќ. Двете платна на Миле Корубин (ектериер и Мртва природа — акрил) се издвојуваат сосема по интимизмот и финиот лиризам на доживувањето. Би ги спомнале уште актот (дрво) на Васил Василев, илустративен и со фина иронија на еротска тема, скулптурата во дрво на Филип Ѓорѓиев која остава впечаток на разбиено јадро на чија површина останале разместените форми — кришки како и сликата на Веле Ташовски во која повторно сретнуваме концептуализирана варијација на мотивот — жица со илузија на просторност, итн.*

*Погледнато во целина и оваа годишна изложба на ДЛУМ, покрај тоа што укажува на некои „општи состојби" ја регистрира најавата што е значајна промена на „духовната клима" што ја носи најмладата генерација.*

**В. Величковски**